# СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**- ЗДРУЖЕНИЕ НА ИНДУСТРИЈАТА ЗА ПРЕРАБОТКА НА ДРВО И ПРОИЗВОДИ ОД ДРВО -**

**- ЗДРУЖЕНИЕ НА ИНДУСТРИЈАТА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МЕБЕЛ -**

---

# АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ ВО ИНДУСТРИЈАТА ЗА ПРЕРАБОТКА НА ДРВО И ПРОИЗВОДСТВО НА МЕБЕЛ

**2018 година, Скопје**

Република Македонија е земја со богата традиција во преработката на дрво поради своите расположиви шуми, традиција и стручна работна сила. Меѓу првите индустрии во нашата земја започна производството во пиланите на бичена граѓа, а индустријата за производство на мебел, како продолжување на производниот процес од пиланите, позабележително започна да се развива во педесеттите години од минатиот век. Во тој период настанаа големите дрво-преработувачки комбинати. Приватизацијата на сите поранешни комбинати е завршена, а со приватната иницијатива формирани се нови претпријатија во оваа дејност, низ кој процес се одвиваше приспособувањето кон пазарните услови на стопанисување.

## Актуелни состојби во индустријата за преработка на дрво и производство на мебел

### Бруто домашен производ

Според статистичките ревидирани податоци на Државниот завод за статистика, БДП во индустријата за преработка на дрво и производи од дрво во 2016 година изнесувал 628 милиони денари и оваа гранка учествува во БДП на Република Македонија со 0,13%, додека БДП во индустријата за производство на мебел во наведената година изнесувал 1.031 милиони денари и во однос на вкупниот БДП на Р М учествува со 0,22%.

### Активни компании

Преработувачите на дрво во Република Македонија своето производство на дрвен асортиман го базираат на шумскиот потенцијал од 980.000 ха под шуми (874.245 ха или 89% од вкупниот шумски фонд е во државна сопственост, а 106.223 ха или 11% во приватна сопственост). Во оваа индустрија стопанисуваат поголем број фирми од индустријата за производство на мебел и помал дел се од преработувачката индустрија.

### Број на активни деловни субјекти во периодот 2010-2017 година

Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на активните деловни субјекти во Република Македонија во 2017 година изнесува 70.419.

| **Преработка на дрво и производство на мебел** | **2011** | **2012** | **2013** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|---|
| Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал | 526 | 528 | 446 | 444 | 440 |
| Производство на мебел | 645 | 656 | 625 | 601 | 600 |

Од наведената табела произлегува дека во 2017 година има опаѓање на активни деловни субјекти и тоа кај индустријата за преработка на дрво опаѓање за 4 активни деловни субјекти, додека кај индустријата за производство на мебел опаѓање за 1 активен деловен субјект, што покажува неповолни движења во овие две индустрии.

**Вработени во индустријата за преработка на дрво и во индустријата за производство на мебел**

Индексот на бројот на работниците во индустријата за 4 месеци од 2018 година, во однос на истиот периодот 2017 година, изнесува 107,2.

| **Преработка на дрво и производство на мебел** | **I-IV - 2018** |
|---|---|
| | **I-IV - 2017** |
| Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал | 100,1 |
| Производство на мебел | 99.3 |

Според податоците наведени во табелата, кај индустријата за преработка на дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал има зголемување на вработувањата од 01%, додека во индустријата за производство на мебел има намалување на вработувањата од 0,7%.

Последните поатоци според Државниот Завод за статистика кои се однесуваат на бројат на вработени во индустријата за преработка на дрво за 2016 година изнесувал 2.604 вработени, додека во 2015 година изнесувал 2.257 вработени, додека во индустријата за производство на мебел во 2016 година имало 3.828 вработени, а во 2015 година имало 3.640 вработени.

**Мебел**

Кај финалните преработки од дрво во 2016 година се забележува благ пораст и тоа кај производството на спални соби за 8% и кај кујнскиот мебел за 12%, додека кај производството на дневни соби и канцелариски и школски мебел се забележува опаѓање од 10%, односно за 9% споредбено со истиот период zа 2015 година.

**Верижни индекси на индустриското производство**

| **Преработка на дрво и производство на мебел** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2016** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2015** |
| Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал | 58,5 | 147,8 | 85,1 | 101,6 | 120,4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Производство на мебел | 71,6 | 80,5 | 115,9 | 100,5 | 99.0 |

Во наведената табела кај индустријата за преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал, има варијабилни движења, а истото е забележливо и кај индустријата за производство на мебел, со напомена дека од 2011 година наваму има тенденција на континуиран пораст на производството.

**Индекси на индустриското производство за 4 месеци 2018 година**

| Преработка на дрво и производство на мебел | I-IV 2018 / I-IV 2017 |
|---|---|
| Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал | 92,6 |
| Производство на мебел | 123,6 |

Од табелата се забележува дека производството кај индустријата за преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал, споредено со ланскиот период година има намалување од 7,4% додека кај индустријата за производство на мебел има зголемување за 23,6% Меѓутоа, судејќи според искуствата од предходните години, силниот старт на годината не значи и заокружување на сите 12 месеци.

**Извозо-увозни показатели во индустријата за преработка на дрво и во индустријата за производство на мебел**

Кај индустријата за преработка на дрво и производи од дрво, извозот за 4 месеци 2018 година година изнесува 6.198 илијади тони или 3.058,3 милиони САД долари, додека увозот во истиот период изнесува 68.220,6 илјади тони или 27.643 милиони САД долари. Ова укажува на ниското користење на домашниот расположив потенцијал во шумарството.

Кај индустријата за производство на мебел негови делови, постелнина и сл.,извозот за 4 месеци од 2018 година изнесува 10.609 илјади тони или 104.9 милион САД долари, додека увозот во истата година изнесува 6.301 илјади тони или 26,1 милиони САД долари.

Имајќи ги предвид наведените неповолни движења во дрвната индустрија, како во производството така и во надворешно-трговската размена во последниве две години, оценка е дека увозот и натаму ќе го истиснува домашниот производител од домашниот пазар. Оттаму, императив се услови за обезбедување повисок степен на конкурентност на домашните производи од оваа гранка, со дефинирање на мерки и активности за позитивна динамика.

За подинамичен развој на овие индустриски гранки неопходно е да се дефинираат конкретни програми. Флексибилноста на производството и способноста за брзо приспособување кон промените во побарувачката ќе бидат главни услови кои треба да се исполнат во иднина.